Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица,со површина од 74,47ха. во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Томе Тимов - претставник на изготвувачот на планот,
- Александра Едровска - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе стручната расправа на ден 13.02.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-965/3
07.02.2020 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски